# ЗАКОН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

**Сл.Весник на Р.Македонија бр. 70 од 05.06.2007 година**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

(1) Со овој закон се дефинира судирот на интереси, постапувањето во случај на судир на интереси, мерките за спречување на судирот на интереси во вршењето на власта и во доверени јавни овластувања од страна на службени лица што вршат јавни овластувања.
(2) За примената на овој закон надлежна е Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: Државната комисија).

### Член 2

Целта на овој закон е да се обезбеди спречување на злоупотребата на власта и доверените јавни овластувања на службеното лице за остварување на лични или користољубиви цели и да се обезбеди спречување на можноста приватниот интерес на службеното лице да дојде во судир со јавниот интерес.

## II. ЗНАЧЕЊЕ НА ПОИМИТЕ И ИЗРАЗИТЕ УПОТРЕБЕНИ ВО ОВОЈ ЗАКОН

### Член 3

(1) Одделни поими употребени во овој закон го имаат следново значење:
- "судир на интереси" подразбира состојба кога приватниот интерес на службеното лице е во спротивност со ј авниот интерес или кога приватниот интерес влиј ае или може да влијае врз неговата непристрасност при вршењето на работите од јавен интерес;
- "судир меѓу приватниот и јавниот интерес" постои кога со вршењето на службено или друго дејствие директно или индиректно се влијае врз материјалните или нематериј алните интереси на службеното лице или врз интересите на членовите на неговото семејство;
- "приватен интерес" подразбира материјален или нематеријален интерес на службеното лице што може да влијае врз неговото одлучување при вршењето на работите од јавен интерес;
- "корист, лична корист или користољубивост" подразбира стекнување на имот и имотни права или други права (материјални и нематеријални) што на лицето не треба да му припаѓаат;
- "блиски лица" се лицата во брачна или вонбрачна заедница со службеното лице, роднини по крв во права линија и во странична линија до четврти степен, посвоителот и посвоеникот, роднините по сватовство до втор степен;
- "подарок" во смисла на овој закон подразбира пари, предмети, права и други услуги без надоместок кои го доведуваат службеното лице во подредена или зависна положба во однос на давателот на услугата;
- "јавен интерес" е поширок општествен интерес за општото добро и

напредок на сите граѓани под еднакви услови во материјална и нематеријална смисла којшто може да биде загрозен со предизвикување штета од материјална и нематеријална природа поради настанување судир на приватниот со јавниот интерес.
(2) Службено лице, во смисла на овој закон, се претседателот на Република Македонија, поставените амбасадори и пратеници на Република Македонија во странство и именувани лица од претседателот на Република Македонија; избран или именуван функционер во Собранието на Република Македонија, во Владата на Република Македонија, во органите на државната управа, во судовите и други органи и организации што вршат определени стручни, управни и други работи во рамките на правата и должностите на Република Македонија, во општините и градот Скопје, како и други лица кои вршат јавни овластувања.

## III. НАЧЕЛА НА РАБОТЕЊЕ

### Член 4

(1) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да постапува во согласност со Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори.
(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелата на законитост, еднаквост, ефикасност, доверба, независност, јавност, непристрасност, чесност и професионалност и да постапува совесно, стручно, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на човековите права и слободи и човечкото достоинство, без никаков приватен интерес.

### Член 5

(1) Службеното лице при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, политички и етнички интереси, притисоци и ветувања од претпоставениот.
(2) Службеното лице не смее да:
- прима или бара корист за извршување на своите должности,
- остварува или стекнува право со повреда на начелото на еднаквост пред законот,
- ги злоупотребува правата што произлегуваат од извршувањето на надлежностите,
- прима награда или друга корист за вршење на работите кои се однесуваат на јавните овластувања и должности,
- бара или да прима награда или услуга за да гласа или да не гласа или да влијае за донесувањето на одлука на некое тело или лице за остварување на корист за себе или корист за негови блиски лица,
- ветува вработување или остварување на некое друго право со примање на подарок или ветување на подарок и
- влијае за донесување на одлука по јавни набавки или на кој било начин да ја користи положбата за да влијае за донесувањето на одлуката со цел да постигне приватен интерес или корист за него или за негови блиски лица.

### Член 6

Лицата кои со службеното лице се блиски лица, за кои оправдано може да се смета дека постои интерес што ги поврзува со службеното лице, не можат да вршат супервизорски или контролен надзор врз неговата работа.

## IV. ПОСТАПУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА ПОСТОЕЊЕ СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

### Член 7

(1) Во случај на постоење на сомневање на судир на интереси, службеното лице е должно да побара мислење од Државната комисија.
(2) При одлучувањето на постоење судир на интереси посебно ќе се води сметка за видот на работите од јавен интерес кои ги извршува службеното лице.
(3) Во случај на сомневање за можноста за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да се спречи влијанието на приватниот интерес.

### Член 8

(1) Во случај на судир на интереси меѓу приватниот и јавниот интерес, службеното лице е должно да постапи според јавниот интерес.
(2) Службеното лице во време на извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да врши никаква дејност која може да влијае на непристрасно извршување на функцијата и заштита на јавниот интерес.
(3) За извршување на приватна дејност, согласно со ставот (1) на овој член не се смета управувањето на сопствен имот како што се куќа за живеење на службеното лице, куќа за одмор, земјиште и слично, водење селски имот, како и научно-истражувачка, уметничка и културна дејност.

### Член 9

(1) Службеното лице кое пред стапување на функцијата како сопственик сам управувал со трговско друштво или установа, вршел професија или друга приватна дејност, за време на извршувањето на функцијата согласно со закон, управувањето му го доверува на друго лице или посебно тело.
(2) Лицето од ставот (1) на овој член не може да биде брачниот другар на службеното лице, односно лицето со кое живее во вонбрачна заедница, роднините по крв по права линија и посвоителот и посвоеникот.
(3) Лицето од ставот (1) на овој член не може да биде роднина по странична линија до четврти степен и роднини по сватовство до втор степен, доколку живеат со службеното лице во иста семејна заедница.

### Член 10

Службеното лице кое пред да стапи на функцијата вршело само определена дејност може за време на извршувањето на функцијата согласно со закон да му го довери вршењето на дејноста на лице кое ќе го овласти.

**Член 11**

(1) Службеното лице кое учествува или одлучува во постапката за вработување или е вклучено како член на телото што ја спроведува таа постапка е должно да го извести раководителот на институцијата каде што работи за сите постапки за вработувања што можат да предизвикаат судир на интереси.
(2) По утврдувањето на односот на службеното лице со кандидатот за вработување, раководителот на институцијата е должен да ги преземе сите неопходни мерки за спречување на појавата на судир на интереси.
(3) Во случај на сомневање за постоење судир на интереси во случаите од ставот (1) на овој член, службеното лице и раководителот на институцијата можат да побараат мислење од Државната комисија.

## V. ИЗЗЕМАЊЕ

**Член 12**

(1) Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење судир на интереси, должно е веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување.
(2) Лицето од ставот (1) на овој член ќе биде изземено од вршењето на определено дејствие со одлука на органот во кој е избрано или именувано, односно каде што е вработено и по барање на заинтересирано лице.
(3) Лицето од ставот (1) на овој член со одлука на неговиот претпоставен, и без негово барање или спротивно на неговата волја ќе биде изземено од вршење на определено дејствие ако е очигледно дека во конкретниот случај постои судир на интереси.

**Член 13**

(1) Ако органот или телото расправа или одлучува за работи во кои службеното лице има приватен интерес, тој е должен приватниот интерес да го пријави пред расправањето и одлучувањето, или најдоцна пред почетокот на овие дејствија.
(2) Органот или телото на чија седница лицето од ставот (1) на овој член го соопштил постоењето на приватен интерес, должен е ова да го констатира и на записник.

**Член 14**

Прикривањето на постоење приватен интерес од страна на службеното лице претставува повреда на должноста и основа за преземање на мерки за соодветна одговорност.

## VI. ЗАБРАНА ЗА ПРИМАЊЕ ПОДАРОЦИ

**Член 15**

(1) Службеното лице не смее да прима подароци чиј износ ја надминува вредноста од 100 евра во денарска противвредност.
(2) Службеното лице не смее да прима пари, хартии од вредност без

разлика на висината на износот, како и златни и други скапоцени предмети.

**Член 16**

На службеното лице на кое спротивно на одредбите од овој закон му е понуден подарок или друга корист поврзана со извршувањето на службената должност, должно е да ја одбие таквата понуда, да го утврди идентитетот на понудувачот, а ако се работи за подарок што не може да биде вратен, службеното лице е должно без одлагање тоа да го пријави на надлежниот орган, да ги наведе сведоците и други докази, веднаш, а најдоцна во рок од 48 часа, да поднесе писмен извештај за настанот до надлежниот орган кој го избрал, односно именувал.

## VII. ОГРАНИЧУВАЊЕ ПО НАПУШТАЊЕ НА ДОЛЖНОСТА

**Член 17**

(1) Службеното лице по престанување на вршењето на службената должност во смисла на овој закон не може во период од најмалку една година да управува или да врши ревизија во правното лице во кое една година пред заминувањето од работното место неговите должности биле директно поврзани со супервизија или контрола.

(2) Службеното лице по престанување на вршењето на службената должност, во смисла на овој закон, не може во период од најмалку една година да стапува во договорни обврски и деловна соработка со правно лице во кое претходно работело.

(3) Службеното лице најмалку две години по престанување на вршењето на службената должност не може да врши застапување на физичко или правно лице од органот во кој претходно работел ако учествувал во донесување на одлука по конкретен предмет .

## VIII. ЧЛЕНСТВО ВО ТРГОВСКИ ДРУШТВА, УПРАВЕН И НАДЗОРЕН ОДБОР ВО ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА

**Член 18**

(1) Службеното лице кое е член во органите на управување на трговското друштво за време на вршењето на службената, односно јавната должност ќе ги пренесе своите права од друштвото на друго лице. Тоа лице или посебно тело кое ќе ги остварува правата во друштвото ќе постапува во свое име, а за сметка на службеното лице.

(2) Лицето од ставот (1) на овој член не може да биде член на управен или надзорен одбор во трговско друштво.

(3) Службеното лице може да биде член на управни или надзорни органи на непрофитабилни организации, здруженија на граѓани и други правни лица кои извршуваат научни, културни, спортски, хуманитарни и слични дејности, но без право на надоместок, освен за патните трошоци во врска со дејноста на тие организации, здруженија и правни лица.

(4) Во случаите од ставот (3) на овој член службеното лице е должно да ја извести Државната комисија во рок од 30 дена.

**Член 19**

(1) Службено лице не може во текот на траењето на мандатот, односно должноста и во рок од три години по престанокот на функцијата, да стекне по кој и да е основ и во кој и да е облик акционерски права во правното лице над кое тој или органот во кој работи или работел врши, односно вршел надзор, освен ако тие права ги стекнал по пат на наследување.
(2) Стекнувањето на акционерски права за време на траењето и по престанокот на мандатот, службеното лице од ставот (1) на овој член е должно тоа да го пријави до Државната комисија.

## IX. СПРЕЧУВАЊЕ СУДИР НА ИНТЕРЕСИ ПРИ АКТИВНОСТ ВО ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ

**Член 20**

(1) Службеното лице кое членува во здружение на граѓани не смее да ги злоупотребува информациите и податоците со кои располага при вршењето на својата должност како и да стекнува добивка за себе или за лицата од членот 3 став (1) алинеја 5 на овој закон при остварувањето на неговите активности во рамките на здружението на граѓани.
(2) Службеното лице кое членува во здружение на граѓани не смее да биде член на органите на управување ниту да биде на која било раководна функција во здружението.

## X. НАДЛЕЖНОСТИ НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА

**Член 21**

Државната комисија ги има следниве надлежности:
- ја донесува Државната програма со Акционен план за превенција и намалување на појавата на судир на интереси,
- дава мислења за предлози на закони од значење за спречување судир на интереси,
- разгледува случаи на судир на јавниот и приватниот интерес утврдени со овој или друг закон,
- поднесува извештај за својата работа и за преземените мерки и активности до Собранието на Република Македонија, а извештајот го доставува до Владата на Република Македонија и до медиумите,
- соработува со други државни органи во спречувањето на појавата на судир на интереси,
- презема активности за едукација заради откривање на судир на интереси согласно со овој или друг закон,
- дава иницијатива за примена на мерки на одговорност на службеното лице утврдени со овој закон во случаите кога ќе се утврди постоење судир на интереси,

- ја известува јавноста за случаите на судир на интереси и
- врши и други работи утврдени со овој и друг закон.

## XI. ПОСТАПКА ПРЕД ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА

### Член 22

(1) Постапката за утврдување на постоење судир на интереси ја поведува и спроведува Државната комисија по сопствено наоѓање или по барање на службено лице.
(2) Постапката за утврдување на судир на интереси Државната комисија ја спроведува врз основа на начелата на законитост, доверливост, објективност, непристрасност и неселективност.
(3) Државната комисија ќе поведе постапка за утврдување на постоење судир на интереси и врз основа на пријава на друго лице, врз основа на анонимна пријава, како и по барање на органот каде што е вработено службеното лице.
(4) Државната комисија за поведувањето на постапката согласно со ставовите (1) и (3) од овој член, ќе го извести службеното лице и ќе побара негова изјава за наводите во пријавата.

### Член 23

(1) Државната комисија може сама да ги провери наводите за постоење судир на интереси или да побара проверката да ја извршат други надлежни органи за утврдување на постоење судир на интереси.
(2) Државната комисија ја запознава јавноста за конечните податоци од спроведената постапка за утврдување на постоење судир на интереси во рок од 30 дена од денот на започнување на постапката.

### Член 24

(1) Државната комисија е должна од службеното лице да побара податоци за неговата имотна состојба или за имотната состојба на членовите на неговото семејство и на нему блиски лица, за промените во имотната состојба, за дејноста што ја врши тој или член на неговото семејство, приходите кои ги остварува или други податоци од значење за примената на овој закон.
(2) Државната комисија при спроведувањето на постапката од ставот (1) на овој член постапува согласно со закон.

## XII. ВИДОВИ НА МЕРКИ

### Член 25

(1) На службеното лице му се изрекува една од следниве мерки: опомена, јавна опомена и иницијатива за разрешување.
(2) Мерките јавна опомена и иницијатива за разрешување се објавуваат во средствата за јавно информирање.

**Член 26**

(1) На службеното лице мерката опомена му се изрекува ако се утврди постоење на повреда на одредбите на овој закон, а таа повреда битно не влијае на извршувањето на службените должности од страна на службеното лице.
(2) Мерката јавна опомена на службеното лице му се изрекува ако се утврди дека тоа постапило спротивно на одредбите на овој или друг закон што довело до значително нарушување на вршењето на службените должности на службеното лице.
(3) Мерката иницијатива за разрешување на службеното лице, му се изрекува ако претходно му била изречена една од мерките од ставовите (1) и (2) на овој член.

**Член 27**

(1) Државната комисија во текот на водењето на постапката може да побара од службеното лице да ги отстрани последиците кои го предизвикале постоењето судир на интереси во рок од 15 дена од денот на дознавањето за постоење судир на интереси.
(2) Ако службеното лице ги отстрани последиците во рокот определен во ставот (1) од овој член, Државната комисија ќе ја запре постапката и за тоа ќе го извести подносителот на пријавата во рок од 15 дена од денот на запирањето на постапката.

**Член 28**

(1) Мерките од членот 25 став (1) на овој закон ги изрекува органот во кој е вработено службеното лице во рок од 30 дена од денот на завршувањето на постапката за утврдување на постоење судир на интереси од Државната комисија.
(2) Органот од ставот (1) на овој член за изречената мерка утврдена во членот 25 став (1) од овој закон е должен да ја извести Државната комисија во рок од 15 дена од денот на донесувањето на одлуката.
(3) Ако органот каде што е вработено службеното лице не постапи во согласност со ставовите (1) и (2) од овој член, Државната комисија, против одговорното лице во надлежниот орган или одговорното лице во правното лице, ќе покрене иницијатива за поведување постапка пред надлежен орган за утврдување на неговата одговорност.

**Член 29**

(1) Против одлуката со која на службеното лице му се изрекува една од мерките утврдени во членот 25 став (1) од овој закон, службеното лице може да поведе постапка пред надлежниот суд.
(2) Надлежниот суд од ставот (1) на овој член е должен да одлучи во рок од три месеца од денот на поведувањето на постапката.

## XIII. ОБВРСКА ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ЈАВНОСТА ЗА СЛУЧАИТЕ НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

**Член 30**

(1) Државната комисија е должна при известувањето на јавноста да

обезбеди заштита на личните податоци за службеното лице од злоупотреби, а особено за податоците за службеното лице кога одредена ситуација не претставува судир на интереси.
(2) Податоците кои не претставуваат повреда на одредбите на овој закон, не можат да се објават во јавноста без согласност на службеното лице на кое се однесуваат.

Член 31

Податоците за службеното лице до кои се дошло согласно со овој закон, можат да им се даваат на увид на судовите, инспекциските органи и другите надлежни државни органи, со тоа што не можат да се злоупотребуваат за дискриминирање или омаловажување на службеното лице или јавно да се објавуваат како да се податоци што ги утврдил судот или друг надлежен орган.

## XIV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 32**

Со влегувањето во сила на овој закон, престануваат да важат одредбите на членовите 37, 38 и 39 од Законот за спречување на корупцијата ("Службен весник на Република Македонија" број 28/2002, 46/2004 и 126/2006).

**Член 33**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".